# ПРАВИЛНИК
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ ОД СТРАНА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Јуни, 2018 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр 09-544/1
08.06.2018 год
ДЕМИР КАПИЈА

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 19 и 22 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.08/2005), а во врска со член 4 од одлуката на Советот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија"бр.6/2010), Градоначалникот на општина Демир Капија на ден 08.06.2018 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К

за користење на службени мобилни телефони
од страна на вработените во општина Демир Капија

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој правилник се определуваат корисниците на службен мобилен телефон во општина Демир Капија, начинот на задолжување и користење, ограничувањата на сметката за користење, како и начинот на надоместување на сметката повисока од ограничувањето утврдено со овој правилник.

### Член 2

(1) Службен мобилен телефон во смисла на овој правилник е мобилен телефонски апарат и/или претплатнички идентификационен модул, односно картичка на која е придружен мобилен телефонски број.

## II.КОРИСНИЦИ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СМЕТКАТА

### Член 3

(1) Право на користење на службен мобилен телефон во сопственост на општина Демир Капија, со ограничување на висината на сметките до определен износ согласно тековната јавна набавка имааат:

- Вработените во општинската администрација

(2) Корисниците од став 1 на овој член можат да бидат задолжени односно корисници само со еден службен мобилен телефон.

### Член 4

(1) Правото на користење на службен мобилен телефон се утврдува со одлуката за определување на правото за користење на службен мобилен телефон и ограничување на износот на сметката за определување на правото на користење и ограничување на износот на сметката до месечно определениот износ од Советот на отштината бр.07-422/11 од 30.06.2010 година ("Службен гласник на општина Демир Капија"бр.6/2010) и овој правилник.

(2) Ограничување на висината на сметките до определен износ се утврдува врз основа на тековните јавни набавки.

(3) Исклучокот (правото на користење на службен мобилен телефон) од член 4 став 1 од овој правилник може да го одобри само Градоначалникот.

(4) Трошоците на корисниците на службени мобилни телефони до утврдениот месечен износ ги сноси општина Демир Капија.

(5) Надминување на дозволените ограничувања на висината на сметките кои ќе бидат утврдени одобрува Градоначалникот на општина Демир Капија кога тоа е поврзано со извршување на службени обврски и работни задачи.

(6) Секторот за финансиски прашања се задолжува согласно пристигнатите сметки и фактури да ги контролира направените трошоци по основ на користење на службените мобилни телефони.

(7) На корисниците на службени мобилни телефони кои го пречекориле дозволеното ограничување за потреби кои не се службени, ќе им се изврши задршка од платата во висина на разликата од утврденото ограничување и висината на сметката, за што потпишуваат изјава за согласност.

## III.ЗАДОЛЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ

### Член 5

(1) Корисниците од член 3 на овој правилник стекнуваат право на користење на службен мобилен телефон согласно овој правилник и одлуката на советот на општина Демир Капија бр.07-422/11 од 30.06.2010 година.

(2) Користењето на службен мобилен телефон се остварува со претходно добиено лично задолжување (потпишување на реверс) согласно укажаната потреба.

(3) Реверсот од ставот 2 на овој член, ги содржи најмалку следните податоци:

- податоци за вработениот;
- име на уред
- број на модел
- број на СИМ картичка;
- датум на задолжување;

(4) Врз основа на потпишаниот реверс, на корисникот му се предава службен мобилен телефон.

(5) Корисниците на службени мобилни телефони се должни да се грижат за истите секогаш да бидат во исправна состојба, а за секоја промена или губење должни се да пријават во Секторот за финансиски прашања.

(6) Во случај на престанок на потребата за користење на службениот телефон корисникот е должен да го врати (уредот и СИМ картичката) при што ќе биде изготвен записник за примопредавање.

## IV.РАСХОД И ОТТУЃУВАЊЕ

### Член 6

(1) По истекот на рокот предвиден за редовен отпис (амортизација), како и по основ на физичка или техничка дотраеност пред истекот на рокот предвиден за амортизација, службениот мобилен телефон може да се расходи.

(2) Расходуваните службени мобилни телефони се оттуѓуваат по пат на уништување.

(3) Градоначалникот, по предлог на Комисија формирана од негова страна донесува одлука за расход и оттуѓување на службени мобилни телефони.

## V.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 7

(1) Измени и дополнувања на овој правилник ќе се врши од страна на градоначалникот во писмена форма.

(2) Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Демир Капија“

Општина Демир Капија
Градоначалник
-----------------------------------
Лазар Петров

Подготвил:Н.Атанасова
Одобрил:Ј.Гацева